**Република Северна Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Добрин Каламатиев**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот граѓански суд Скопје**
**и Основниот кривичен суд Скопје**
**ул.Њуделхиска бр.4-2/3**
**тел. 02-3127-901 / 070-267-257**
**izvrshitel.kalamatiev@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2690/2024**

Извршителот Добрин Каламатиев од Скопје,ул.Њуделхиска бр.4-2/3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул.Васил Иљоски бр.14, засновано на извршната исправа ОДУ бр.468/22 од 29.06.2022 година на Нотар Анита Адамческа од Скопје, против должниците Риза Шејдоски од Кичево со живеалиште на ул.Маршал Тито бр.115 и Дорис Шејдоска од Скопје со живеалиште на ул.Славејко Арсов бр.36А/1-12А, за спроведување на извршување во вредност 7.679.917,00 денари на ден 02.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА **ВТОРА(повторена)** продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во имотен лист бр.55720 за КО Центар 2 при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:

- **стан на КП бр.2432/1, адреса С.Арсов 36 А број на зграда/друг објект 1, влез 1, кат К1, број 12А, со внатрешна површина од 115 м2**
- **помошни површини(тераса,лоѓија,балкон) на КП бр.2432/1, адреса С.Арсов 36 А број на зграда/друг објект 1, влез 1, кат К1, број 12А, со внатрешна површина од 11 м2, во заедничка сопственост на заложните должници Риза Шејдоски од Кичево и Дорис Шејдоска од Скопје.**

Продажбата ќе се одржи на ден **04.05.2026 година во 12:00 часот** во просториите на извршител Добрин Каламатиев на ул.Њуделхиска бр.4-2/3 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.2690/2024 од 11.04.2025 година, а намалена по предлог на заложниот доверител согласно член 185 став 2 од ЗИ,изнесува **10.308.905,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на **второто(повторено) јавно наддавање**.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:хипотека во корист на заложен доверител ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје од Скопје, Налог за извршување И.бр.2621/2023 од 30.08.2023 година на Извршител Благоја Каламатиев од Скопје,Налог за извршување И.бр.1503/2024 од 12.08.2024 година на Извршител Зорица Симиќ од Скопје,Налог за извршување И.бр.2690/2024 од 12.12.2024 година на Извршител Добрин Каламатиев од Скопје и Налог за извршување И.бр.171/2024 од 14.05.2025 година на Извршител Владо Мицковски од Кичево.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста,односно износ од **1.030.891,00 денари**.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200004115880227 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број 5080023512230,**најдоцна до 30.04.2026 година**.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15(петнаесет)дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање **дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на комората** .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Добрин Каламатиев